РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 08-1971/1
10.04. 2025 год.
ВЕЛЕС



Врз основа на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија и Конкурсот за изменување и дополнување на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија

# ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“ – ВЕЛЕС

објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС

**за запишување ученици во прва година**

**за учебната 2025/2026 година**

Во прва година ќе се запишат 127 ученици во 4 паралелки (93 ученици во 3 паралелки со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански наставен јазик) според наставни планови и програми за:

- **Бизнис администратор / Економски техничар**
  **(во соработка со компании)**
  **мак – 25 ученици, 1 паралелка, 4 годишно траење – 60 поени минимум**
- **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг**
  **мак – 34 ученици, 1 паралелка, 4 годишно траење – 60 поени минимум**
- **Асистент деловен администратор / Продавач – референт за продажни услуги**
  **мак – 34 ученици, 1 паралелка, 3 годишно траење – 30 поени минимум**
- **Економски техничар**
  **алб – 34 ученици, 1 паралелка, 4 годишно траење – 60 поени минимум**

**Слободни места за 127 ученици.**

# I. Услови за запишување и критериуми за избор на учениците

Услови за запишување на учениците во прва година:

- да има завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години;
- да се определиле за план и програма за стручно образование и обука;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Конкурс.

Критериуми за избор на ученици:

- среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
- среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик, математика и историја);
- дипломи за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпревари (организирани од акредитирани здруженија од МОН) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што од значење за економско-правна и трговска струка, односно изборното подрачје;
- средна вредност на поени добиени за поведение од VI до IX одделение.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот и ако ги исполнуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини.

За учениците кои завршиле деветто одделение во РСМ, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици.

За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (мајчин јазик, странски јазик, математика и историја), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4).

## II. Потребни документи за запишување

По објавување на ранг листата, учениците кои се на листата ја доставуваат следната документација:

- пријава за запишување (учениците можат да ја генерираат со печатење на електронска пријава преку системот за е-услуги);
- оригинални свидетелства од VI до IX одделение;
- дипломи (доколку имаат) за освоени (I, II и III) места од меѓународни натпревари, како и државни натпреварио (организирани од акредитирани здруженија од МОН) по мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што од значење за економско-правна и трговска струка, односно изборното подрачје;
- извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавање).

## III. Конкурсни рокови

Пријавување и запишувањето на учениците ќе се врши во јунски уписен рок со две пријавувања. Пријавувањето на учениците ќе се врши со електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

❖ **<u>ЈУНСКИ УПИСЕН РОК</u>**

- **ПРВО ПРИЈАВУВАЊЕ**
  - Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од 00:00 часот на 14 јуни до 23:59 часот на 17 јуни 2025.
  - Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 18 јуни 2025 година од 08:00 до 19:00 часот и на 19 јуни 2025 година од 08:00 до 17:00 часот;
  - Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објави на 20 јуни 2025 година најдоцна до 12:00 часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страна;
  - Квалификациското тестирање ќе се организира на 23 јуни 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 23 јуни 2025 година, на јавно место во училиштето.

- **ВТОРО ПРИЈАВУВАЊЕ**

  - Второто електронско пријавување на учениците ќе се врши на 30 јуни 2025 од 00:00 до 23:59 часот.
  - Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 01 јули 2025 година од 10:00 до 19:00 часот;
  - Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места ќе се објави на 02 јули 2025 година најдоцна до 12:00 часот на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страна;

- Квалификациското тестирање ќе се организира на 4 јули 2025 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 4 јули 2025 година, на јавно место во училиштето.

## ❖ АВГУСТОВСКИ УПИСЕН РОК

- Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување можат да се запишат во училиштето доколку има слободни места и ги исполнуваат условите во Конкурсот, после јунскиот уписен рок со две пријавувања.
- Пријавувањето на учениците ќе се врши на 21 август 2025 година од 00:00 до 15:00 часот електронски;
- Доставувањето на потребната документација до училиштето е на 21 август 2025 година во период од 08:00 до 17:00 часот;
- Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето ќе се објави на 22 август 2025 година најдоцна до 10.00 часот.

**По објавување на ранг листите со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупна доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.**

Училишна комисија за
запишување на ученици
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Кралевски